<u>**Образец бр. 2**</u>

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Проблемите во оваа област се во тоа што за одделни дејности не постои законска регулатива со која ќе бидат утврдени условите и начинот под кои истите ке се извршуваат, не е предвидена посебна постапка за нивна регистрација, како ќе се врши контрола над работењето на вршителите на дејност од мал обем, како ќе се врши нивното оданочување, а пред се определување на опфатот на дејностите од мал обем.Оттука се наметна потребата да се воспостави правна рамка со која ќе бидат уредени и решени горенаведените проблеми со кој ќе се изврши канализирање на одделни дејности кои досега субјектите ги вршеа без да бидат регистрирани за вршење на истите.

Како проблем со нерегистрирање на оваа категорија на вршители на дејност од мал обем е и појавата на висок степен на сива економија и нелојална конкуренција.

Со предложениот Предлог на закон ќе се овозможи физичките лица кои досега вршеа дејности нерегистрирани, како и одделни услужни дејност да се легализираат, и да се воспостави систем на соодветна евиденција во локалната самоуправа што досега не беше случај, како и плаќање на данок на паушална основа согласно Законот за персонален данок на доход.

Предложените решенија се во насока на напредок во сузбивање на сивата економија, нелегалната трговија и нелојалната конктуренција..

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

   Како главна цел на Предлог законот е да се определи опфатот на дејностите од мал обем и да се овозможи законско вршење на истите на начин и во процедура предвидена со закон. Имено за оваа категорија на вршители на дејност од мал обем се предвидува поедноставена постапка на регистрација во рамки на локалната самоуправа, наместо водење на трговски книги се предвидува оданочување согласно Законот за персонален данок на доход.

   Поточно со Законот се предвидува можност физичките лица да вршат дејности од мал обем на определени места-локации во населени места, во движење и во стан, куќа или друг простор кој се користи како нивно живеалиште под услови кои ќе ги предвиди општината, доколку истите бидат исполнети тааќе изврши упис во Регистарот на вршители на дејност од мал обем.

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

1.Да не се донесе Закон за вршење на дејности од мал обем.
2.Да се донесе Закон за вршење на дејности од мал обем.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**
Со носење на предложениот закон за вршење на дејности од мал обем ќе се предизвикаат одредени трошоци за физичките лица кои сакаат да регистрираат вршење на одредена дејност од мал обем (упис во регистарот, такса за користење на простор, плаќање на персонален данок на доход и други давачки и придонеси неопходни за вршење на конкретната дејност).
Придобивки на предложениот закон се во насока на напредок во сузбивање на сивата економија нелегалната трговија и нелојалната конктуренција, како и обезбедување на поедноставена и поприфатлива процедура и помалку трошоци за физичките лица –вршители на дејност од мал обем во однос на начинот и условите под кои ќе ги вршат дејностите од мал обем, за разлика од условите и начинот на вршење на дејностите кои не се опфатени со овој закон.
Влијанието е во однос на зголемување на вкупните даноци кои ги наплаќа УЈП, односно воведување на правна обврска и за вршители на дејност од мал обем да плаќаат данок согласно Законот за персонален данок на доход и обврската за плаќање на придонеси за социјално осигурување согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.

**Предложено решение (опција):**Да се донесе Закон за вршење на дејности од мал обем.

**Опис:** Содржината на Законот за вршење на дејности од мал обем е систематизирана во 7 делови со вкупно 27 членови.
Во првиот дел се дадени општите одредби ( од член 1 до член 3)
Во овој дел е опишан предметот на регулирање на законот, видовите на дејности од мал обем, односно се определува кои се дејности од мал обем и случаевите на примена на одредбите од Законот за општа управна постапка.
Како дејности од мал обем се определени: трговија на мало со овошје и зеленчук; трговија на мало со бижутерија; галантерија и позамантерија; уметнички предмети и слики; сувенири и сл.; давање на услуги; односно оџачарскиуслуги; чистење на станови; чистење на обувки; чување на деца ( бебиситери); обука на ученици и студенти во просторија во сопствен дом.
Дополнително на организираните пазари покрај овие дејности можае да се врши и трговија на мало со : јајца, сирење, домашни прерботки ( конзервиран зарзават и слатко), кори и кадаиф, но само доколку се вршат на само едно продажно место и ако дејноста ја врши самиот барател.

Вториот дел ( од член 4 до член 10) го обработува начинот и условите под кои може да се изврши регистрација на вршител на дејност, органот пред кого истото се врши, роковите и актот со кој единицата на локална самоуправа ќе изврши регистрација на вршителот на дејност од мал обем и нејзината обврска за водење на регистар на вршители на дејност. Предвидена е многу едноставна и брза

постапка за регистрација, потребно е само физичкото лице кое сака да врши дејност од мал обем да е полнолетно и државјанин на РМ.

Третиот дел (од член 11 до член 15) ги уредува условите и постапката на престанок на вршење дејност од мал обем (по барање и по сила на закон), причините поради кои може да се изврши бришење во регистарот на вршители на дејност од мал обем и случаевите кога градоначалникот на локалната единица огласува ништовност на решението за упис во регистарот на вршители на дејности од мал обем. Овој дел го регулира и правото на жалба против решенијата донесени врз основа на овој закон од страна на градоначалникот на локалната единица. и обврската на вршителите на дејност од мал обем да ги почитуваат општите и посебните услови определени со овој закон.

Четвртиот дел од предлог законот ( од член 16 до член 17 ) содржи одредби со кој се регулира обврската на вршителите на дејност од мал обем да ги почитуваат општите и посебните услови определени со овој закон, како и одредби за местото-локацијата каде овие дејности можат да се вршат. Местата-локациите каде ќе можат да се вршат овие дејности, оставено е да си ги определат општините, врз основа на критериуми и услуви кои дополнително самите ќе ги пропишат ( Ова се однесува на уличните тезги, а не и на организираните пазари).

Петтиот дел ( од член 18 до член 23) ги обработува работното време во кое може да се врши дејност од мал обем, начин на користење на локацијата, како и начинот и условите на плаќање данок за вршење на дејност од мал обем и придонеси за вршителите на дејност. Овој дел го опфаќа и надзорот над спроведувањето на овој закон.

Работното време во кое може да се вршат дејностите од мал обем, како и начинот на користење на локацијата на која се вршат дејности го определува Советот на општината, општините на Градот Скопје или Градот Скопје.

Исто така овој дел содржи упатувачки одредби за примена на соодветните (посебни) закони на условите и начинот на плаќањето на данокот, придонесите за вршителите на дејност од мал обем како и плаќањето на надоместок за користење на локација за вршење на дејност од мал обем.

Шестиот дел (од член 24 до член 25) ги опфаќа прекршочните одредби, односно видот на прекршоците и висината да глобата која ќе се изрече на физичкото лице доколку во своето работење не постапува согласно одредбите утврдени со овој закон, како и органите кои се надлежни за постапување по истите.

Седмиот дел (од член 26 до член 27) ги содржи преодните и завршни одредби, односно рокот за донесување на подзаконските акти (најдоцна 3 месеци) и одредбата за влегување во сила на законот.

1. **Трошоци**

- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави,

решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.

ДА

-Решение за упис на вршител на дејност од мал обем (неопходно за да ја врши конкретната дејност)

-Легитимација за вршителот на дејност од мал обем (задолжително треба да ја има во себе и да ја покаже заради идентификација)

-Регистар на вршители на дејност од мал обем (го изготвува и води локалната самоуправа)

-Упис во ЦР на РМ и УЈП

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.

ДА

Воглавно трошоците се во рамки на единиците на локалната самоуправа кои се главни носители во однос на постапката за регистрација на вршителите на дејности од мал обем како и во однос на контролата –инспекцискиот надзор над работењето на вршителите на дејност од мал обем

-УЈП,ЦР на РМ, инспекциските органи.

- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците

ДА

Трошоците се воглавно во однос на ангажирањето на човечки ресурси во ефикасно извршување на сите активности во врска со уписот и тековното вршење на дејностите од мал обем.

- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.

ДА

Трошоците се во врска со регистрацијата на вршителот на дејност од мал обем во локалната самоуправа, уписот во ЦР на РМ и УЈП, плаќање на данок согласно Законот за персонален данок на доход и други придонеси и трошоци во врска со користењето на просторот за вршење на дејност и самото вршење на дејноста.

Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.

Воглавно трошоците претходно наведени.

2. **Придобивки**

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Со канализирање на вршителите на дејност од мал обем ќе се обезбеди оваа категорија со помалку трошоци да овозможи остварување на приход, а во однос на органите воведување на основ за наплата на персонален данок на доход, наплата на соодветни такси, такси за упис и регистрација на вршителите на дејност од мал обем.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Воведување на правна рамка како фактор во борбата за сузбивање на сивата економија и нелојалната конкуренција.

3. **Ризици и претпоставки**

.

4. **Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | **ДА** | **НЕ** |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз животната средина | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | **НЕ** | **НЕ** |
| Влијание врз правата на граѓаните | **НЕ** | **НЕ** |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | **НЕ** | **НЕ** |

**Чекор 3: Консултации**

Министерство за финансии, Управа за јавни приходи,Министерство за труд и социјална политика, Секретаријат за законодавство, Генерален секретаријат на

Влада на РМ, Агенција за вработување, Дирекција за храна, Министерство за правда и др.
.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

1. **Краток осврт на преферираното решение/опција:**

Со Предлогот на Законот за вршење на дејности од мал обем се регулира работењето на дејностите кои се вршат на пазарите како и на одделни услужни дејности кои досега ги вршеа субјектите без да бидат регистрирани за вршење на нивната дејност.
Со предложените решенија во законот ќе се овозможи напредок во сузбивањето на сивата економија, нелегалната трговија, нелојалната конкуренција и нерегистрираното вршење на дејноста.

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Исмаил Ебипи, Државен советник
Снежана Петковска, Раководител на Сектор за правни работи
т. 3093-510:
т/ 3093-462
е- mail ismail.ebipi@economy.gov.mk
snezana.petkovska@economy.gov.mk

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, Државен секретар
тел.3093-404
е- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk
Исмаил Ебипи Државен советник
Снежана Петковска раководител на Сектор за правни работи
Т.3093-510
т. 3093-462
е- mail ismail.ebipi@economy.gov.mk
snezana.petkovska@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување:<br>Вклучени организации и претставници: Во прилог на Предлог законот<br>Свое мислење дадоа следниве организации: Во прилог на Предлог законот | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | ДА |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото "молчењето значи одобрување"? | НЕ |

**Изјава од министерот**

**Јас, Фатмир Бесими** , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

........................................................................................ Датум: